# 22ри Март 2021

# Светски ден на водата

Проектот за третман на отпадни води Кочани и Проектот за подобрување на водоснабдувањето во Делчево, и двата финансирани од **Швајцарската Влада**, во рамки на планираните активности за зголемување на јавната свест, организираат ликовен конкурс на тема “**Штедиме и пречистуваме вода-потребна ни е за во иднина**“. Ликовниот натпревар се организира во соработка со Јавните комунални претпријатија каде се спроведуваат двата проекти (Кочани, Виница, Делчево, Берово и Пехчево).

## Правила за учество

**Кој може да учествува**

На конкурсот може да учествуваат сите ученици од 6-9 одделение од општините Кочани, Виница, Делчево, Берово И Пехчево.

**Тема на конкурсот**

**“Штедиме и пречистуваме вода-потребна ни е за во иднина**”- во која е опфатено штедењето на водата, заштитата на водните ресурси, третман на отпадните води, повторна употреба на веќе искористената вода и друго.

**Објавување и крајни рокови:**

Конкурсот ќе биде објавен на следниве WEB-страници:

## КЈП Водовод Кочани

www.vodovodkocani.com.mk

## ЈКП "Брегалница"-Делчево

www.jkpbregalnica.mk

## ЈПКР "Услуга" - Берово

jpkrusluga-berovo.com.mk

Ги повикуваме наставниците по ликовно образование, да ги изберат најдобрите 10 цртежи од секое училиште, да ги фотографираат и како PDF документ да ги испратат на следниве адреси:

-За Кочани и Виница

lpo.kocani@gmail.com , најдоцна до 18 Март 2021, 13часот

-За Делчево, Берово, Пехчево

lpo.delcevo@gmail.com, најдоцна до 18 Март 2021, 13часот

Вкупната големина на пораката не треба да надминува 12МВ.

Во насловот на пораката треба да биде напишано "**Штедиме и пречистуваме вода-потребна ни е за во иднина** ", и училиштето и градот од каде што се испратени. Сите избрани цртежи треба да се испратат заедно.

На секој цртеж треба да има испишано шифра, но никако не смее да стои името и презимето на ученикот.

Оригиналните цртежи треба да се достават во просториите на Јавното комунално претпријатие во Вашиот град најдоцна до 15 часот на 18 Март 2021.

**Оценување и награди**

Оценувањето ќе биде направено од страна на Швајцарскиот Консултант ЕБП одговорен за спроведување на проектите.

Во секој од петте града ќе бидат наградени најдобрите 3 цртежи (вкупно 15 награди). Истите ќе бидат објавени на погоре споменатите web-страници, со комплетни информации за ученикот, наставникот и училиштето. Предвидена награда за 1 место за секој од 5-те града е паметен **"смарт " часовник.**

Наградите ќе им бидат доделени на добитниците во секое од комуналните претпријатија на 22 Март 2021, кога е Меѓународниот ден на водите.

За сите дополнителни информации можете да ја контактирате Јулијана Лапевска на следнава адреса: lpo.kocani@gmail.com.